РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ
INSPEKTORATI SHTETËROR ADMINISTRATIVË

| Примено / Pranuar | 11.04.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Nj. Organizative | | | Вредност / Vlera |
| 03-144/1 | | | |

( Образец ПП……)

ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ НА РС МАКЕДОНИЈА

До: ______________________________________

(имател на информацијата)

# Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

[redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Записник за извршен надзор Ип1 бр. 10-372 од 21.03.2025 година составен од Управен инспектор Наташа Пирковска.
2. Записник за извршен надзор Ип1 бр. 10-373 од 21.03.2025 година составен од Управен инспектор Наташа Пирковска.
3. Записник за извршен надзор Ип1 бр. 10-423 од 04.04.2025 година составен од Управен инспектор Илир Мусаи.
4. Решение со изрекување на соодветна инспекциска мерка составена од страна на Управен инспектор Илир Мусаи согласно Записник за извршен надзор Ип1 бр. 10-423 од 04.04.2025 година составен од Управен инспектор Илир Мусаи.
5. Записник за извршен надзор составен од Управен инспектор Маре Лалковва согласно известување Ип1 бр. 10-229 од 12.03.2025 година
6. Записник за извршен надзор составен од Управен инспектор Милка наумоска Спироска согласно известување Ип1 бр. 13-219 од 05.03.2025 година

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс

- г) е-маил
- л) друго Т.Т. издивање УСБ

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер**

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Скопје, 10.04.2025 година.** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
# ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Државниот управен инспекторат, по барање на [redacted] [redacted] донесе

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted], заведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-144/1 од 11.04.2025 година

1. По точките 5 и 6 **СЕ УВАЖУВА,**
2. По точките 1, 2, 3 и 4 **СЕ ОДБИВА .**

## *Образложение*

До Државниот управен инспекторат поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер на Страшо Глигоров ул. Бриселска бр.8-1/16 Скопје, заведено во Државниот управен инспекторат под бр.03-144/1 од 11.04.2025 година. По разгледување на истот утврдено е дека подносителот бара информации, односно акти по 6 точки:

1. Записник за извршен вонреден инспекциски надзор Ип1 бр.10-372 од 21.03.2025 година
2. Записник за извршен вонреден инспекциски надзор Ип1 бр.10-373 од 21.03.2025 година
3. Записник за извршен вонреден инспекциски надзор Ип1 бр.10-423 од 04.04.2025 година
4. Решение за извршен вонреден инспекциски надзор Ип1 бр.10-423 од 04.04.2025 година
5. Записник за извршен вонреден инспекциски надзор Ип1 бр.10-229 од 12.03.2025 година
6. Записник за извршен вонреден инспекциски надзор Ип1 бр.13-219 од 05.03.2025 година

Постапувајќи согласно член 6 став (3) од Законот за пристап до информации од јавен карактер, службено лице за посредување со информации од јавен карактер при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Државниот управен инспекторат спроведуведе Тест на штетност бр.03-144/2 од 30.04.2025 година.

Со Тестот за штетност утврдено е дека актите од точките 5 и 6 се информации од јавен карактер и истите ќе бидат доставени на домашна адреса.


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија

Плоштата Цар Самоил 20, Ресен
Република Северна Македонија

+389 71 322 387
www.duinspektorat.mioa.gov.mk

Дополнителоно, со Тестот на штетност утврдено е дека инспекциските постапки по наведените иницијативи по точките 1, 2, 3 и 4 се во тек и бараните акти по точките 1, 2, 3 и 4 опфаќаат податоци кои се предмет на други постапки утврдени во член 6 став (1) алинеја 5) од Законот, па истите претставуваат исклучок од слободниот пристап до информации.

**Права поука:** Против ова решение Барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер

**Решено во Државниот управен инспекторат под бр.03-144/3на 02.05.2025 година**

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер
Флоре Ставревска

**Прилог:**

- Записник Ип1 бр.10-229 од 12.03.2025 година
- Записник Ип1 бр.13-219 од 05.03.2025 година


Државен управен инспекторат
Република Северна Македонија
Плоштата Цар Самоил 20, Ресен
Република Северна Македонија
+389 71 322 387
www.duinspektorat.mioa.gov.mk